# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

2022

# ПАЈОНИЈА И ПАЈОНЦИТЕ

## ИЗВОРИ • ИСТОРИЈА • АРХЕОЛОГИЈА

2022

*Издавач* Филозофски Факултет – Скопје

*За издавачот* проф. д–р Ратко Дуев

*Уредници на монографијата* проф. д–р Антонио Јакимовски
проф. д–р Војислав Саракински

*Рецензенти* проф. д–р Ратко Дуев
д–р Бошко Ангеловски

*Лектура и коректура* Даница Стрезовска

*Идејно решение и обработка* проф. д–р Војислав Саракински

*Печати* Европа 92, Кочани

*Тираж* 100

Постојат многу трудови посветени на поединечни пројавувања од материјалната култура на Пајонците, а често се анализираат и пишаните сведоштва во кои се спомнати. Сепак, во македонската научна јавност се чувствува недостиг на една поголема, заокружена публикација која ќе понуди поширок и поисцрпен приказ на Пајонија и Пајонците, какви што ги гледаме во изворите и преку материјалните наоди. Подеталните анализи обично се објавуваат во изданија потешко достапни за пошироката јавност, или пак во стручни списанија што ги користат главно специјалисти. Повеќе важни трудови се објавени – како извештаи од ископувања, или пак како сумарни прикази – во гласниците на локални музеи. Згора на сѐ, тие често зафаќаат само еден дел од материјалните наоди, а поретко нудат толкување на пишаните извори, па затоа и не можат да го покријат целосниот општествен и политички контекст, особено во т.н. историско време.

Од тука произлезе идејата за „Пајонија и Пајонците“, монографија наменета на археолозите, историчарите на антиката, класичните филолози, и воопшто сите истражувачи заинтересирани за еден поширок приказ на пајонската проблематика – од првото пројавување на специфична и самостојна пајонска материјална култура, преку раниот историски период, во кој Пајонците првпат се јавуваат во пишаните извори, па сѐ до конечното паѓање на Пајонија под македонска власт и слегувањето на Пајонците од историската сцена.

Оваа монографија е органски составен збир од интердисциплинарни трудови, во кои се толкуваат литературни и наративни сведоштва, се анализираат најважните археолошки наоди и се прикажуваат најновите достигања во пајонската нумизматика и епиграфија. Секој труд опфаќа различна тема и има сопствен методолошки пристап; сепак, сите трудови еднакво ги исцртуваат определниците за секое идно истражување на пајонската проблематика: потребата податоците да се разгледуваат во соодветен историски и историографски контекст; пишаните сведоштва и материјалните наоди најпрвин да се протолкуваат и, ако е можно, целосно да се расчистат, па дури потоа да се користат како основа за претпоставки; и, најпосле, археологот, историчарот и филологот еднакво да внимаваат на материјалните наоди во обидот да ги реконструираат главните интеракции и процеси во самостојната историја на Пајонците.

Веројатно најважната цел на оваа монографија се состои во намерата податоците, собрани во ваков облик, да поттикнат и охрабрат нови истражувања, со кои уште подлабоко ќе се проникне во историјата и културата не само на Пајонците, туку и на ним соседните балкански племиња и народи. Се надеваме дека, од сите поставени цели, токму оваа ќе биде најбрзо и најцелосно исполнета.

Уредниците

# СОДРЖИНА

9 Пајонците во пишаните извори до времето на Филип II
Војислав Саракински

39 Пајонците во пишаните извори од владеењето на Филип II до смртта на Дропион
Стефан Пановски

75 Погребните ритуали на пајонскиот простор во периодот на транзиција од бронзеното во железно време
Александра Папазовска

111 Пајонската култура: генеза и развој
Драги Митревски

163 Керамичка продукција по долината на Вардар од VII до IV век п.н.е.
Силвана Блажевска

197 Пајонските градови преку новите археолошки откритија
Марјан Јованов

215 Пајонска нумизматика
Антонио Јакимовски, Александар Илиевски

295 Македонската стратегија Пајонија
Виктор Лилчиќ Адамс

367 Епиграфски споменици од Пајонија во римско време
Славица Бабамова

407 Кружната-толос просторија во владетелската палата на Билазора (прилог кон пајонската религија)
Јовица Илиев

427 Реконструкција на античкиот храм во Билазора
Кирил Денковски

# ПАЈОНСКА НУМИЗМАТИКА


## Антонио Јакимовски
## Александар Илиевски


Во текстот се претставени, обработени и картирани 370 монети, односно сите досега пронајдени и зачувани монети во јавните збирки од пајонска провениенција на територијата на Р. Македонија. Појавата на пајонските монети ја следиме од последните децении на VI век п.н.е., односно од нивната појава, сè до крајот на пајонското монетовање во триесеттите години од III век п.н.е. Пајонската нумизматика ја сочинуваат племенското монетовање, кралското монетовање и монетовањето на градовите.

Заедно со скромните литературни и епиграфски извори и материјалната култура, пајонското монетовање ја дава и надополнува сликата за повеќе сегменти од животот на Пајонците. Уште од бронзеното време тие го населувале јужниот дел од Балканот, за во време на антиката и доминацијата на Македонците да се повлекуваат сé посеверно. Територијата што ја населувале во времето на архајскиот и раноантичкиот период во најголем дел се совпаѓа со територијата на Република Македонија, северниот дел од Република Грција, делови од Бугарија и јужните делови на Косово и Србија.

Монетовањето е еден од најзначајните аспекти на економскиот, политичкиот и културен живот, кој на Пајонците им овозможил влегување во кругот на цивилизираниот свет уште во последните децении на VI век п.н.е., речиси сто години по појавата на монетите на светската сцена. Раната појава е иницирана од економскиот потенцијал, односно рудните богатства на злато и сребро, како и политичките услови, поточно персиската доминација на овие простори од 513 до 479 година п.н.е. и наметнувањето на данок. Големата економска и политичка моќ на пајонските племиња на крајот на VI век и во раниот V век пр. н. е. се совпаѓа со периодот на појавата на првите монети на Дероните, Лаијаите, Едоните, Бизалтите, Ореските, Тинтените, Сирините и други племиња, како и градовите Ихне и Лете. По хијатус што траел околу еден век, а кому му претходеле значајни промени од историско-политички карактер, на почетокот на IV век п.н.е. почнува континуирано монетовање кое се одвивало во текот на двовековното постоење на пајонското кралство, сè до триесеттите години на III век п.н.е.

Текстот има за цел да ни ја прикаже нумизматичката слика за пајонското монетовање, како и циркулацијата, застапеноста и концентрацијата на пајонските монети на локалитетите во Република Македонија. Анализираните монети се поединечни наоди и остави од јавните збирки во Република Македонија, кои се веќе објавени, но има и дел кои се објавуваат за прв пат. Најголем дел од монетите се од збирката на На-

родна банка на Република Македонија (НБРМ), потоа монетите од збирката на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, НУ Археолошки музеј на Македонија, Народен музеј Св. Николе, ЛУ Народен музеј Велес, Завод за заштита на спомениците на културата и музеј Штип, НУ Музеј Гевгелија, НУ Стоби, НУ Завод и музеј Прилеп, дел од збирката на Охридска Банка и дел од поранешната колекција Шелдаров. Освен претставените 370 монети, сите досега пронајдени и зачувани во јавните збирки во Република Македонија, поради добивање на поголема прегледност за пајонското монетоковање ќе бидат спомената и монети пронајдени во соседството, како и монети за кои не се знае потеклото, денес се дел од светските колекции, а за кои се претпоставува нивната пајонска провениенција.

Интересот кај истражувачите и нумизматичарите за пајонската нумизматика се јавува кон крајот на XIX и првата половина на XX, а поинтензивни и посериозни проучувања се направени во втората половина на XX век. На ова место ќе се задржиме на македонските истражувачи кои придонеле за развојот на пајонската нумизматика.

Првиот Археолошки музеј во Македонија бил формиран во 1924 година во Скопје. Збирката била сместена во Куршумли Ан и во една зграда на скопското Кале, којашто подоцна се урнала во катастрофалниот земјотрес од 1963 година. По завршувањето на Втората светска војна и создавањето на современата македонска држава, во голем број градови во Македонија се отвораат локални музеи, кои што, меѓу другото, содржат и засебни археолошки збирки. Пред овој период, нумизматичкиот и останатиот археолошки материјал најчесто бил разграбуван и изнесуван од страна на разноразни чинители, и најчесто завршувал во европските и светските музеи и колекции. Следствено на тоа, и првите научни трудови за монетите од Македонија се напишани од странски автори.[1] Со создавањето на музејски и други научни установи во тогашна Народна Република Македонија започнало прибирање на монетите и нивното објавување.

Првите трудови поврзани со пајонската нумизматика во Република Македонија датираат по втората половина од XX век, а се однесуваат на нумизматичкиот материјал од музејските збирки пронајден при археолошките истражувања, или пак добавен со откуп на случајните наоди. Така, меѓу првите трудови може да се вброи текстот што се однесува на особено значајното откритие на депо со тетрадрахми на пајонски и македонски владетели од селото Прилепец, објавен од страна на Душанка Вучковиќ - Тодоровиќ.[2] Следува текстот на Викторија Соколовска, еден од првите македонски проучувачи на пајонската нумизматика и култура, која во 1966 година ги објавила пајонските и македонски монети од збирката на Археолошкиот музеј во Скопје.[3] Првиот текст за циркулација на предримските монети во Пелагонија е дел од докторската дисертација на Иван Микулчиќ.[4] Истиот автор во 1973 година има објавено статија со преглед на монетните наоди во Република Македонија од V до II век п.н.е.[5] Во 1975 год. Вучковиќ -

---

[1] Павловска Е., 2016, 5–8, со наведена најзначајната странска референтна литература од областа на пајонската нумизматика.

[2] Vučković - Todorović D., 1958, 213–255.

[3] Соколовска В., 1966, 23–32.

[4] Mikulčič I., 1966.

[5] Микулчиќ И., 1973, 157–173.

Тодоровиќ објавила труд за монетите на пајонските владетели, каталогизирајќи примероци на пајонски монети од музејските збирки на Македонија.[6] Вера Битракова - Грозданова во 1982 година ги објавува монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј Охрид.[7] Неколку години подоцна, во 1987, истиот автор во својата докторска дисертација, меѓу другите, обработува и неколку пајонски монети.[8] Во 1990 година В. Соколовска пишува за монетоковањето на Агријаните и проблематиката на градот Дамастион,[9] како и подоцна, во 1996 година, за монетоковањето на Агријаните.[10]

Значаен е и текстот на Виктор Лилчиќ и Перо Јосифовски од 1994 година, каде е објавен еден уникатен примерок на пајонски владетел пронајден во Демир Капија.[11] Во 1994 година излегува првиот број на специјализираното списание за нумизматика – Македонски нумизматички гласник,[12] во издание на Музеј на Македонија; досега се публикувани пет броја, во кои се содржани значајни текстови што се однесуваат на пајонската нумизматика. Во 1999 година се формира Нумизматичка збирка на Народна банка на Република Македонија, која во моментот ја поседува најголемата збирка на пајонски монети, публикувани во повеќе текстови и каталози.[13] Во однос на пајонската нумизматика, од особено значење е делото на Елеонора Петрова, *Пајонија во II и I милениум пр. н. е.* (1999), што претставува обемен труд во кој се детално обработени пајонските монети и други аспекти од материјалната и духовната сфера на Пајонците.[14] Истиот автор на уште неколку наврати го обработува пајонското монетоковање,[15] како и во неколку текста, каде се осврнува на различни проблеми од пајонското монетоковање.[16] За пајонската нумизматика во повеќе наврати пишува и Перо Јосифовски, осврнувајќи се на монетите со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ,[17] како и за племенското монетоковање на Деронитe.[18] Даница Размовска Бачевска во 2002 год. каталошки ги претставува наодите на монети од југозападна Македонија,[19] како и подоцна во 2006 година, каде ги обработува пајонските монети од Охридска банка и приватни колекции.[20] Во 2003 година, Никола Шелдаров го објавува каталогот *Македонија и Пајонија.*[21] Истиот автор во 2004 година објавува нови информации за пајонската нумизматика,[22] а претходно во коавтор-

---

[6] Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 85–88.

[7] Битракова–Грозданова В., 1982, 71–76.

[8] Битракова–Грозданова В., 1987.

[9] Соколовска В., 1990, 9–34.

[10] Соколовска В., 1996, 13–22.

[11] Лилчиќ В., Јосифовски П., 1994, 27–37.

[12] МНГ 1, Скопје 1994.

[13] Кондијанов Ј. (уредник) 1999.; Христовска К. 2002 (Уредник).; Шелдаров Н., 2003.; Павловска Е. 2008.; Хаџи–Манева М., 2008.

[14] Петрова Е., 1999.

[15] Петрова Е., 1991, 1–130.; Петрова Е. 2001, 13–29.

[16] Петрова Е., 1994а, 9–19.; Петрова Е., 1994б, 49–56.; Петрова Е., Лилчиќ В., 1997, 5–9.

[17] Josifovski P., 2000, 15–28.

[18] Josifovski P., 2006, 251–262.

[19] Размовска Бачевска Д., 2002,

[20] Размовска Бачевска Д., 2006, 263–276.

[21] Шелдаров Н.,2003.

[22] Шелдаров Н., 2004, 39–47.

ство со Виктор Лилчиќ Адамс ги објавуваат монетите со натпис ΠΑΙΟΝΩΝ.[23] Ванчо Милошевски публикува една прекована монета од страна на пајонскиот крал Дропион.[24]

Во 2004 година е отворена нумизматичката збирка на Охридска Банка, која е публикувана подоцна, во 2006 година.[25] Античките монети – меѓу кои и пајонски монети откриени на археолошкиот локалитет Вардарски Рид во 2004[26] и подоцна во 2018 година[27] – ги публикува Бобан Хусеновски. Прегледот на македонска литература посветен на пајонската нумизматика ќе го заокружиме со трудовите на Ефтимија Павловска, која ја обработува пајонската нумизматика во неколку наврати и од повеќе аспекти.[28]

## ПАЈОНСКО ПЛЕМЕНСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Монетоковањето за првпат се појавува во Мала Азија во VII век п.н.е. Монетите биле изработувани од електрум, природна легура на злато и сребро. За речиси едно столетие од откривањето на монетоковањето, започнала и монетоковачката активност на територијата на античките Пајонија, Македонија и Тракија. Споменатите територии се едни од првите области во Европа каде што започнало организирано ковање пари. Ковањето пари се вбројува во најзначајните манифестации на пајонскиот економски, политички и културен живот, што на Пајонците им овозможило добивање влез во светот на културните народи. Високите уметнички вредности во изработката на примероците на пајонските пари се појавиле под влијание на блиските ковници на хеленскиот југ, а како резултат на цврстата структура и јакиот економски потенцијал на Пајонците.[29] Предуслов за раното пајонско монетоковање се рудните богатства од злато и сребро на оваа територија, познавањето на техниката на изработка, како и историско политичкиот момент. На крајот од VI и во текот на V век п.н.е. племињата кои ги населувале овие области – како Деронците, Лајаите, Едонците, Ореските, Бисалтите, Тинтените, Мигдонците, Ихнејците и други, почнале да ги коваат своите додекадрахми, декадрахми, октодрахми, но и помали фракции. Големите фракции биле наменети првенствено за плаќање данок, додека помалите фракции биле локално користени во секојдневието, што е особено значајно за да се претпоставаат границите на делување на одредени племиња.

Покрај богатите области со рудни ресурси, значаен фактор за почетоците на нивното монетоковање биле и историските настани поврзани со Персиските војни и со персиската доминација на Балканот (513–479 п.н.е.). Освен големите парични вредности што ги ковале пајонските племиња, а кои служеле за плаќање данок, тие на Персијците им служеле во трговијата и плаќањето на војската, така што во облик на монети, но и како полуфабрикати - инготи среброто било извезувано на Исток, за што го-

[23] Шелдаров Н., Лилчиќ В., 7–11.

[24] Милошевски В., 2005, 75–85.

[25] Јосифовски П., и др. 2006.

[26] Хусеновски Б., 2004.

[27] Хусеновски Б., 2018.

[28] Павловска Е., 2008.; Павловска Е.,2010, 185–191.; Pavlovska E., 2011, 319–329.; Pavlovska E., 2013, 731–788.; Pavlovska E., 2013A, 107–120.; Pavlovska E., 2015,516–520.; Pavlovska E., 2016.

[29] Петрова Е., 1999, 93.

ворат наодите на депоа најдени надвор од територијата што ја населувале пајонските племиња.[30]

### Монетоковање на Дероните (500–480 п.н.е.)



Монетите на Дероните, како и нивното позиционирање на пајонскиот простор, досега биле предмет на проучување на повеќе автори што се занимавале со оваа проблематика. Лоцирањето на деронската територија е одредена во широк географски простор од Халкидик, Прасијадското езеро, Дисорон и Дојран на југ, сè до регионот на Штип и Злетово – кратовските рудници на север.[31] Според значењето што го имале Дероните во текот на VI и првата половина од V век п.н.е., се претпоставува дека тие населувале и една поширока територија меѓу долниот и средниот тек на реките Вардар и Струма.[32] Деронските монети биле ковани според евбејски стандард, најчесто во големи вредности на декадрахми и октодрахми со тежина од 34 до 42 грама, а помалку карактеристични биле тетроболите, кои биле тешки 2.2 грама.[33] Имено, племенските изданија биле продуцирани во локален, т.н. трако-македонски, односно пајонски тежински стандард, кој е многу сложен и ги користи и ориенталниот, и хеленскиот систем на деноминации.[34] Негова основа бил сребрениот статер со тежина од 9.82 грама или 1/50 од лесната вавилонска мина од 491 година п.н.е., што укажува на директен контакт со Истокот преку Персија.[35] Номиналите се подеднакво приспособени и кон ориенталната поделба на третини и на шестини од статерот, но и на хеленскиот систем на оболи и на драхми.[36] Досега се откриени неколку основни типови на октодрахми и декадрахми. Првиот тип има претстава на брадест маж кој вози кола во којашто е впрегнат вол, со симболи на стилизирано сонце, шлем или орел во горниот дел на монетата на аверсот, и *triquetrum* или трискел на реверсот, кои го означуваат движењето на сонцето. Помеѓу нозете, честа претстава на реверсот се и палметите. Типот на монети со *triquetrum* се јавува и во Ликија во V век п.н.е. и се поврзува со богот на сонцето Аполон Ликиски. Поретки типови на деронските пари се октодрахмите со претстава на бик на аверсот и вдлабнат квадрат (*quadratum incusum*) или кукаст крст (*swastika*) на реверсот, како и типот со Хермес со кадукеј и петазос на главата, со два бика на аверсот и вдлабнат квадрат – *quadratum incusum*. На деронските монети се јавуваат натписите ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΣ, ΔΕΡΡΟΝΙΚΟΝ, ΔΕΡΡΟΝΙ, ΔΕΡΡΟ, што ни се основни показатели за постоењето на пајонското племе Дерони во отсуство на пишаните извори.[37]

---

[30] НБРМ, 2012, 12.

[31] Svoronos J. N., 1979, 20–21; за лоцирање на Дероните.; Gaebler H., 1897, XX, 289–298; Hammond N.G., 1979, 75, 79.

[32] Петрова Е. 1999, 94.

[33] Петрова Е., 1994А, 10.; Петрова Е., 1999, 94.

[34] Павловска Е. 2016, 32, забелешка 81.

[35] Павловска Е. 2016, 32.

[36] НБРМ, 2012, 13.

[37] Петрова Е. 1999, 94–95, со дадени претпоставки и за имиња на деронски кралеви.

Во врска со датирањето на деронските монети има повеќе различни мислења. Според Свороносс, деронското монетоковање датира кон крајот на VI и почетокот на V век п.н.е., но исклучиво пред 480 год. п.н.е.[38] Истото датирање го предлага и Хед, додека Хамонд датира одредени племенски ковови кон средината од VI век п.н.е.[39] Примероците на деронските пари најниско ги датира Ј. Јурукова, која констатира дека Дероните ковале свои пари до средината на V век п.н.е.[40]

Во овој труд претставуваме 31 примерок на деронски монети со каталошки броеви од 1 до 31, пронајдени на територијата на денешна Република Македонија, искована во различни номинали. Во претставените монети имаме 1 октодрахма, 8 тетроболи, 8 диоболи, 5 трихемиоболи, 5 оболи и 3 хемиоболи. За местото на пронаоѓање на овие деронски монети, за жал, имаме малку податоци, а поголемиот дел од овие монети потекнуваат од непознат локалитет.




Карта I. Монети на пајонските племиња

Од деронските монети во овој каталог, податоци за местото на откривање имаме за монетата со кат. бр. **1**, која е пронајдена на лок. Прдејска Чука, с. Грчиште – Валандово. Монетата со кат. бр. **2** е пронајдена во село Згрополци – Велес, монетата со кат. бр. **21** е пронајдена на лок. Крстот, Криви Дол – Штип, монетата со кат. бр. **26** е од околината на Куманово, монетата со кат. бр. **27** од с. Караорман – Штип, архајска некропола, гроб 1. Монетата со кат бр. **30** е пронајдена на археолошкиот лок. Билазора, с. Кнежје – Св. Николе.[41]

[38] Svoronos J. N., 1919, 5.
[39] Hammond N. G. L., 1979 69–91.
[40] Јурукова Ј., 1989, 3–13.
[41] Петачки Ѓ., 1994.

Калапот од кој била направена монетата со кат. бр. **3** од овој каталог, која потекнува од НБРМ, е идентичен со калапот од кој била кована монета кат. бр. **27** од с. Караорман, Штип, архајска некропола, гроб 1. Најверојатно станува збор за истиот калап и ковница на овие две монети, што кај племенските монети е реткост, или пак досега воопшто го нема како пример.

За останатите монети, локалитетите на пронаоѓање се непознати, или се претпоставува дека се од околината на Велес – Св. Николе – Штип – Радовиш. Монетата со кат. бр. **32** му припаѓа на Доким, кој најверојатно бил деронски владетел, а локалитетот на пронаоѓање е непознат.

### Монетоковање на Лајаите (480–460/450 п.н.е.)



Лајаите се уште едно племе за кое се претпоставува дека ги населувало овие простори. Долго време за монетите на Лајаите во науката се претпоставувало дека се „барбарски“ имитации,[42] заклучок што бил изведен врз основа на погрубата изработка на монетите во споредба со деронските. Со пронаоѓањето на еден примерок на лајајска монета заедно со бизалтски, во една остава пронајдена во Египет,[43] станува јасна нивната оригиналност. Лајајските октодрахми имаат тежина од 32 грама и аверсна претстава идентична со деронските (маж управува кола влечена од вол / трискел),[44] како и натписот ΛΑΙΑΙ, кој е на исто место како и кај деронските.[45] За разлика од тоа, реверсната претстава е различна, со претстава на пегаз во квадрат, и укажува на своевидна индивидуалност.[46] Сличноста на аверсната претстава на лајајските и деронските монети најверојатно претставува потврда за можната географска блискост помеѓу двете пајонски племиња. Во каталогот имаме една монета, кат. бр. **33** од ова племе, која се наоѓа во нумизматичката колекција на НБРМ, за која немаме точна локација на пронаоѓање, а се претпоставува дека е пронајдена во Светиниколско.

### Монетоковање на Мигдонците (480–460 п.н.е.)



Мигдонија била античката област на рамнините околу Терма (Солун), заедно со долините околу вливот на реката Аксиј. Мигдонија своевремено била населена од Пајонци, сѐ до анектирањето од страна на македонските Аргеади.

Овие монети своевремено биле припишувани на престолнината Ајга но, по истражувањата на Кетрин Лорбер, тие им се припишани на Мигдонците.[47] На наша територија се пронајдени четири примероци од монетоковањето на Мигдон-

---

[42] N. G. L. Hammond, 1979, 79–81. ; Петрова Е., 1994а, 11–12. ; Петрова Е., 1999, 96–97.
[43] N. G. L. Hammond, 1979, 79.
[44] Svoronos 1919, Pl. I.10–14, 16, II. 1–6.
[45] Петрова Е., 1999, 97.
[46] Петрова Е., 1999, 97.
[47] Цитирано според Павловска Е., 2016, 93, белешка 234.

ците, а во каталогот се претставени со кат. бр. од **34** до **37**. Информации за местото на пронаоѓање имаме само за монета со кат. бр. **34**, откриена на локалитетот Марков град, с. Корешница – Демир Капија. Останатите монети се со непознато место на пронаоѓање.

### Монетоковање на Ореските (500/490–480 п.н.е.)



Ореските ни се познати единствено преку нивното монетоковање. Се претпоставува дека го населувале планинскиот регион долж реката Стримон, природна граница меѓу Македонија, Пајонија и Тракија, иако точната локација останува непозната. Се претпоставува дека името Ореска означува планински народ, епитет познат од Хомер, со значење „диви, планински луѓе", кои одгледувале Кентаури.[48]

На територија на Р. Македонија досега се пронајдени три монети што им се припишуваат на Ореските. Монетата со кат. бр. **38** е пронајдена на локалитетот Вардарски Рид, во петтата населба, која егзистирала од почетокот на V до IV век п.н.е.,[49] во затворен археолошки контекст.

Станува збор за сребрен статер од т.н. група монети со аверсна претстава „кентаур граба нимфа",[50] реверс *quadratum incusum*, датирана во 510–480 год. п.н.е. Монетата е најверојатно анепиграфски примерок на племето Ореска, со тежина од 7.8 грама. Наодите на слични статери, како дел од пронајдените депоа од североисточна Бугарија, Сирија, Египет, Персија, од депото од Рас Шамра – Сирија, како и наодите од Ликија – Турција и Асиут – Египет, зборуваат за нивната примарна цел – плаќање данок.[51]

И монетата со кат. бр. **39**, статер-суберат е пронајдена на археолошкиот локалитет Вардарски Рид.[52] Иако со прилично оштетена аверсна претстава, како и на претходната монета се препознава сцената „кентаур граба нимфа", додека на реверсот има претстава на шлем со перјаница – претстава застапена паралелно и кај монетоковањето од Лете и Ореските, датирана на крајот од VI и почетокот на V век п.н.е.[53]

Третиот примерок на монета кована од Ореските е со кат. бр. **40**, од типот полуклекнат бик / *quadratum incusum*, што за жал потекнува од непознат локалитет.

### Монетоковање на Ихне (490–480 п.н.е.)

Ихне или Ихнаи бил антички град во областа Ботиаја, на Термајскиот Залив. Се претпоставува дека најверојатно бил пајонски град, а како град се споменува кај Херодот заедно со Пела.[54] Монетите на Ихнејците се широко датирани во периодот од 520 до 480 година п.н.е.

---

[48] Il.1.268; Larson J., 2001, 172.
[49] Митревски Д., 2005, 15–90.
[50] Хусеновски Б., 2004, 14, забелешка број 13.
[51] Хусеинов Б., 2004, 15, со наведена литература која се однесува на депоата.
[52] Хусеинов Б., 2018, 14–15.
[53] Хусеинов Б., 2018, 15.
[54] Hdt. 7.123.



Поради реткоста на овие монети на нашата територија, во овој каталог се претставени само две монети, од кои монетата со кат. бр. **41**, сребрен диобол, од типот полуклекнат бик свртен на десно / вдлабнат круг поделен на четири дела, е откриена на локалитетот Градиште, кај село Доброшинци – Струмица. Монетата е дел од збирката на Филозофскиот факултет во Скопје и е необјавена.[55] Втората монета, кат. бр. **42**, е трихемиобол со истиот тип на аверс и реверс, дел од збирката на НБРМ, со непознато место на пронаоѓање.

Според едно депо на монети од Асиут во Египет,[56] што им се припишува на Ихнејците и Орeските, монетата со кат. бр. 42 е датирана е 490–480 год. п.н.е,[57] датација што би била валидна и за монетата со кат. бр. 41.

## КРАЛСКО МОНЕТОКОВАЊЕ

Во овој дел се претставени монетите на пајонските кралски ковови, но само оние што се пронајдени, односно зачувани во музејските збирки во Република Македонија. Бројот на пајонските владетели е секако поголем од бројот на владетели кои ковале монети, а кои ни се познати од литературните извори. Исто така, има и владетели кои коваат монети, но за жал нивни монети не се зачувани кај нас.

### Монетоковање на Тевтај (430/420–400/380 п.н.е.)



Кралското монетоковање кај Пајонците го започнуваме со Тевтај, според претпоставената датација, односно како најстар примерок од овој вид. Тој е особено значаен и се издвојува од групата пајонски династи поради фактот што засега претставува уникатен примерок, но и затоа што ни е потврден единствено преку оваа монета.[58] Потекнува од локалитетот Маркова Кула кај селото Корешница, Демир Капија.[59] Станува збор за мала номинала – диобол од 1.13 грама, според што може да се претпостави дека била кована во близина на местото каде е пронајдена, со оглед на тоа што поголемите номинали се користени за плаќање данок и надворешна трговија. Според тежината на оваа монета, драхмата би тежела 3.39 грама, а тетрадрахмата 13.56 грама.

Оваа калкулација јасно укажува на сличноста во тежинскиот однос со монетите на пајонскиот владетел Ликеј (356–335 год. п.н.е.), кој ковал според редуциран фени-

[55] Благодарност на проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс за отстапување на монетата за публикување.
[56] Price M., Waggoner M., 1975.
[57] Павловска Е., 2008, 17, монета со кат. бр. 22.
[58] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 27–37.
[59] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 27.

киски стандард, подоцна именуван „пајонски". Според тоа, со голема веројатност може да се претпостави дека Ликеј го наследил овој тежински систем од своите претходници, меѓу кои најверојатно бил и ΤΕΥΤΑΟ(Σ) и во текот на своето владеење ја редуцирал тежината на тетрадрахмата од околу 13.50 грама на околу 12 грама.[60]

Датацијата е направена според стилско-типолошките особености на монетата, односно квадратот, формата на кантаросот, натписот и претставата на бик. В. Лилчиќ и П. Јосифовски даваат аналогии со керамички кантароси пронајдени во Атина, како и со претстави на идентичен кантарос на монети, датирани главно во втората половина на V век п.н.е. Исто и според аверсната претстава и натписот, монетата – односно владеењето на Тевтај – се датира во периодот од третата четвртина на V век п.н.е. до почетокот на IV век п.н.е.[61] Е. Петрова ја спушта оваа датација во првите децении на IV век пр. н.е,[62] додека Е. Павловска, исто така базирајќи се на стилско-типолошките и лингвистичките анализи, неговото владеење го сместува од крајот на V, до седумдесетите години на IV век п.н.е.[63]

### Монетоковање на Ликеј 359/8 – 340/335 п.н.е.



Ликеј (359/8–340/335 п.н.е.) е првиот пајонски владетел кој е познат од историските извори, како и од монетите што ги ковал. Тие биле изработувани единствено од сребро, во редуциран феникиски стандард кој подоцна бил познат како пајонски, а според типолошките карактеристики можно е нивно поврзување со ковниците во Олинт и Дамастион.[64] Ликеј кова во истиот тежински стандард како и Дероните, што најверојатно ни укажува на заемните релации што постоеле со ова племе. Станува збор за тежински стандард кој се карактеризира со редуцирана тежина на основните номинали во споредба со атичките. Монетите на Ликеј се ковани во три номинални вредности – тетрадрахми, драхми и тетроболи. Тежината на неговите тетрадрахми многу ретко достигнувала тежина од околу 13.50 грама, но исто така ретко доаѓала и до најниската граница, т.е. малку повеќе од 12 грама, според што драхмите тежеле околу 3 грама, а тетроболите околу 2 грама.[65]

На тетрадрахмите, на аверсот е ликот на Аполон, поретко Ѕевс, и најверојатно портретот на самиот владетел, а на реверсот е претставена митската борба на Херакле со Немејскиот лав. Најзастапен е аверсот со претставата на Ѕевс, што најверојатно има директна аналогија со аверсот на тетрадрахмите на Филип II, додека на една поретка серија од овој тип, чии примероци се присутни и во познатата т. н. „пајонска остава", стилската сличност со тетрадрахмите на Филип е особено блиска.[66] Освен од Ликеј,

[60] Лилчиќ В. Јосифовски П., 1994, 28.
[61] Лилчиќ В.–Јосифовски П., 1994, 27–37.
[62] Петрова Е., 1999, 98.
[63] Павловска Е., 2008, 39–40.
[64] Петрова, 1997, 102.
[65] Павловска Е., 2008, 20.
[66] Sotheby & Co., 1969.

претставата на Херакле на реверсот не била користена од ниту еден друг пајонски крал, а исто така не постојат ниту литературни записи за почитување на овој бог кај Пајонците. Познато е неговото почитување кај Македонците, кои го сметале за свој родоначелник, па според тоа може да се претпостави дека оваа иконографија била наменета за монети што служеле за плаќање данок. Тетрадрахмите на Ликеј се изработени со повисок квалитет во споредба со помалите вредности, кои биле наменети за локална употреба. Првите 35 монети на Ликеј, претставени во овој каталог со кат. бр. **44–88**, се всушност депо за коешто се претпоставува дека се состоело од околу 200-300 примероци. За жал, поголем дел од нив завршиле во странските аукциски куќи. Монетите се пронајдени по долината на Црна Река, меѓу селата Возарци и Шивец. Во 2008 година, од страна на Народната Банка на Република Македонија бил откупен 31 примерок од тоа депо. Кон овие треба да се додадат уште четири монети кои биле откупени претходно, со што колекцијата на НБРМ содржи 35 монети.[67] Местото на пронаоѓање на тетрадрахмите со кат. бр. **79–80** не е познато, додека тетрадрахмата со кат. бр. **81** е пронајдена на лок. Асаница – Горно Село, Прилеп. Кај останатите номинали (драхми и тетроболи), на аверсот најчесто е прикажан Аполон, кој бил почитуван од Пајонците како нивно врховно божество, поврзано и со култот на Сонцето. Освен неговиот лик, како аверсна претстава кај драхмите и тетроболите има приказ и на женски лик, а на реверсот лав или коњ кој пасе. Во каталогот се претставени две драхми, пронајдени во селото Доброшане крај реката Пчиња, Кумановско. Драхмата со кат. бр. **82** е од типот Аполон со долга коса надесно / лав во ôд, надесно врз линија. Втората драхма, со кат. бр. **83**, е досега единствен примерок меѓу драхмите на Ликеј на која што ликот на Аполон е прикажан налево на аверсот, додека лавот на реверсот е претставен со плен во устата.




Карта II. Монети на пајонските кралеви

[67] Повеќе за ова депо повеќе кај Pavlovska, E., 2012, 107–120.

Монетата со кат. бр. 84 е пронајдена на локалитетот Кале, Село Брњарци - Скопско во 2015 година.[68] Од најмалата номинална вредност, тетроболите, се издвојува монета со кат. бр. 89 која е пронајдена на локалитетот Кривач, с. Аргулица - Штип. Се работи за уште еден уникатен примерок кај овој крал кој на аверсот има претстава на лав, а на реверсот волк. Претставата на волк е единствена досега забележана на монета на пајонските владетели, иако според етимологијата името на Ликеј може да се поврзе со волкот.[69] Кај овој тетробол е интересно и тоа што името на кралот е напишано со кратенката ΛΥΠΠ, што упатува на формата Липеј (Λύππειος), форма на неговото име единствено посведочена на атинскиот натпис во врска со сојузот против Македонија.[70]

### Монетоковање на Патрај (340/335–315 п.н.е.)



Патрај, како и неговиот претходник, продолжил со ковање во сребро во пајонски стандард. Тетрадрахмите биле емитувани во две различни серии, од кои едната била краткотрајна, па поради тоа тетрадрахмите од типот Аполон / коњска глава се многу ретки, додека другата серија како аверсна иконографија го има ликот на Аполон или портретот на Патрај. Реверсот кај двата типа прикажува иста воена сцена на пајонски коњаник кој со долго копје прободува соборен хоплит, кој пак се брани со штит. Оваа сцена најверојатно е овековечување и приказ на победата на пајонскиот војсководец Аристон, кој бил дел од војската на Александар, а кој го поразил персискиот воин Сатропат во 331 година п.н.е., пред битката кај Гавгамела.[71]

Подоцна, односно по 323 год. п.н.е. штитот ги добива карактеристиките на македонски штит, што најверојатно соодветствува со новонастанатата политичка ситуација. По смртта на Александар III Македонски, Антипатар бил поставен за стратег автократор на Македонците, Хелените, Агријаните, Илирите, Трибалите и на Епирците,[72] но не и на Пајонците, што најверојатно значи дека тие повторно ја стекнале својата автономија,[73] а македонскиот штит на реверсната сцена на тетрадрахмите на Патрај го сугерира токму тоа.

Тетрадрахмите на Патрај во текот на IV век п.н.е биле популарно платежно средство и кај барбарските племиња населени северно и североисточно од Пајонија, па најверојатно затоа биле произведувани од локални, помалку вешти мајстори и како барбарски имитации.[74]

---

[68] Лилчиќ В., 2019, 134 бр. 1.

[69] Петрова Е., Лилчиќ В., 1997, 4–9; Петрова Е., 1999, 102.

[70] *IG* II, 127.

[71] Q. C. Ruf. 4.9.25; *Alex.* 39. За приказот, всушност, има спротивставени мислења; на пример, Рајт се сомнева дека приказот на хоплит се однесува на персиски благородник. Во текстот на С. Пановски во истава монографија е детално опишана оваа сцена.

[72] Dexipp. fr. 1b, 3R (Phot. Bibl. Cod. 82), Arr. *Succ.* fr.1a.

[73] За различно толкување на овој податок, в. кај С. Пановски во истава монографија; авторот цени дека Пајонците не се спомнуваат засебно, затоа што се веќе инкорпорирани во македонската држава.

[74] Герасимов 1963, 270–272.

Кај помалите деноминации, пак, ликовите на Аполон и на владетелот повторно се прикажани на аверсот, додека на реверсот секогаш има претстава на преден дел од дива свиња кај драхмите, односно на орел со склопени крила кај тетроболите.

Според аверсните претстави на монетите на Ликеј и Патрај, јасно е видлива доминацијата на култот на Аполон. Овој култ е поврзан со прастарото почитување на култот на сонцето кај Пајонците, посведочено кај Максим Тирски,[75] и поистоветување со пајонската варијанта на Аполон.

Од претставените 64 монети на пајонскиот владетел Патрај со кат. бр. 90–154, имаме вкупно 13 тетрадрахми, кат. бр. 90–102; 21 драхма со кат. бр. 103–123; 25 тетроболи со кат. бр. 124–148 и еден збирен наод – депо/остава од 6 тетрадрахми со кат. бр. 149–154. За дел од овие монети имаме позната локација. Монетата со кат. бр. **97** е пронајдена е во село Голозинци – Велес, монетата под реден број 100 е пронајдена на локалитетот Вринов дол, село Горно Чичево – Велешко. Во 2015 и 2016 година во рамките на проектите *Археолошки Катастар на Република Македонија* и *Кралство Македонија*[76] се пронајдени монети на Патрај, од кои монетата со кат. бр. **101** е откриена на локалитетот Маркова Кула Корешница – Демир Капија, монетата со кат. бр. 102 е пронајдена на локалитетот Градиште, Горно Коњаре – Скопско, а станува збор за ¼ тетрадрахма.[77] За монетата со кат. бр. **107** местото на пронаоѓање е заведено како непознато, но е од околината на Штип; монетата со кат бр. **108** е пронајдена на Голем Радобил – Кавадарци, а монетата со кат. бр. **109** во штипско-радовишкиот регион. Монетата со кат. бр. **110** е од Матичарски згради, с. Четирце – Куманово, монетата со кат. бр. **113** е пронајдена на локалитетот Марков град, с. Корешница – Демир Капија, монетата со кат. бр. **120 е** од локалитетот Три чешми – Штип, монетата со кат. бр. **122** од локалитетот Маркови Кули, село Летевци, а монетата со кат. бр. **123** од Демир Капија. Од тетроболите во овој каталог, монетата со кат. бр. **136** е од лок. Селце – Штип, а монетите со кат. бр. **137**, **138** и **142** се од штипско-радовишкиот регион, без попрецизно место на пронаоѓање, како и монетата со кат. бр. **147**, пронајдена во околината на Гевгелија. Како резултат на споменатиот проект *Археолошки Катастар на Република Македонија*, пронајден е тетроболот со кат. бр. **148** на локалитетот Градиште кај селото Бразда – Скопско. Од колекцијата на Охридска банка се споменува и едно депо на Патрај со 6 тетрадрахми од околината на штипско-радовишкиот регион, со кат. бр. **149–154**, од кои, за жал, немаме фотографии во каталогот.

### Монетоковање на Авдолеонт (315–285/4 п.н.е.)

Авдолеонт ковал неколку видови на монети, односно тетрадрахми, дидрахми, драхми и тетроболи, исклучиво во сребро според пајонски стандард. Неговите монети отскокнуваат во однос на неговите претходници според квалитетот на изработка. Во првата фаза на своето ковање, од 315 до 305 година п.н.е., тој кова пари во пајонски стандард, каде на аверсот на тетрадрахмите е претставена Атена со шлем во ¾ *en face*, додека на реверсот е коњ во ôд. Со истата претстава на реверсот се и дидрахмите, доде-

[75] Max. Tyr. 8.8.

[76] Голема благодарност до раководителот на проектите, проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс, за отстапените необјавени монети.

[77] Лилчиќ В., 2019, 141 бр. 1.

ка драхмите се идентични со тетрадрахмите. На аверсот на драхмите е прикажан портрет на Атена со коринтски шлем во профил. Според аверсот, тетроболите се исти како тетрадрахмите и драхмите, а реверсната претстава е исто така коњ, но само неговиот протом. Се претпоставува дека најрани монети на Авдолеонт се драхмите со портрет на кралот на аверсот и протом на дива свиња на реверсот, што е многу слична иконографија на драхмите на неговиот татко Патрај, па затоа се смета дека овие монети се исковани веднаш по неговото доаѓање на власт.[78] Има негови примероци на тетроболи со аверсна претстава на Дионис, наместо Атена.[79]



На реверсот на монетите на Авдолеонт се јавува монограмот Ā, којшто во себе ја инкорпорира буквата Y; има претпоставки дека станува збор за кралски ковнички знак, бидејќи се јавува на некои од монетите на пајонските владетели ковани во сребро.[80] Присуството на овој симбол како дел од монограмот на монетите на Авдолеонт упатува дека тетрадрахмите од типот на Александар биле исковани во пајонските ковници, каде најверојатно биле ковани и дел од постхумните монети во име на Александар III.[81] Од подоцнежниот период на неговото владеење, по 306/5 година п.н.е., кога Антигон Едноокиот и останатите дијадоси се прогласиле за басилеи, датираат тетрадрахмите на Авдолеонт ковани според атички стандард, тежина од околу 17 грама, и легенда на која стои титулата „басилеј“.[82] Авдолеонт исто така ковал и монети од најзастапениот тип со претстава на Херакле со лавовска кожа на аверсот и Ѕевс кој седи на престол со скиптар и орел на реверсот.[83] Покрај официјалните, постоеле и барбарски имитации на тетрадрахмите на Авдолеон, од типот Ѕевс со ловоров венец // ΑΥΔΩΛΕ●Ν-Τ●Σ; коњаник со шлем.[84]

Во каталогот се претставени 68 монети на Авдолеонт со кат. бр. **155–223**, од кои 15 тетрадрахми, 3 дидрахми, 35 драхми и 15 тетроболи. Првите тринаесет монети на Авдолеонт се од едно депо кое содржи две тетрадрахми, со кат. бр. **155** и **156**, една дидрахма со кат. бр. **157** и десет драхми, кат. бр. **158–167**, пронајдени на локалитетот Градиште, Младо Нагоричане – Куманово во 2013 година.[85] Ова депо е едно од побогатите депоа пронајдени во Македонија во последнава деценија.

Монетата со кат. бр. **168** е пронајдена во село Лојане – Куманово, а монетата со кат бр. **170** е пронајдена во Башино село – Велес. За монетата со кат. бр. **173** не е познато местото на пронаоѓање, но најверојатно е велешко.[86] Во околината на Кратово е пронајдена монетата со кат. бр. **174**.[87] Монетата број **175 е** пронајдена на локалитетот Гра-

[78] Петрова 1999, 106.

[79] Петрова 1999, 106; Gaebler H. 1935, 203–205, T.XXXVIII, претставени се типовите на монети и нивни номинални вредности.

[80] Павловска Е., 2016, 43.

[81] Павловска Е., 2016, 43.

[82] Петрова Е., 1999, 106; в. и кај С. Пановски во истава монографија.

[83] Петрова Е., 1999, 107.; Gaebler H., 1935, 205.

[84] Павловска Е., 2016, 43.

[85] Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017, 49–60.

[86] Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 87, бр. 8.

[87] Соколовска В., 1966, 30, бр. 84; T.V 84; Вучковић–Тодоровић Д., 1975, 86, бр. 4

диште Билазора, село Кнежје, Св. Николе.[88] Дел од депото пронајдено во село Прилепец е монетата со кат. бр. **176** од типот Херакле/Ѕевс,[89] а монетата со кат. бр. **177** е пронајдена на локалитетот Плаошник во Охрид.[90] Поради помалата продукција на дидрахми на Авдолеонт, во каталогот се претставени само три, едната е веќе спомената во текстот погоре, а втората е со кат. бр. **178**, пронајдена при археолошките истражувања во 2015 година на локалитетот Градиште Билазора, село Кнежје, Св. Николе, како случаен наод надвор од контекст.[91] При крајот на археолошките истражувања на истиот локалитет, Градиште Билазора, во 2018 година, надвор од бедемите на акрополата, поточно на долната тераса во рецентен слој е пронајдена монетата со кат. бр. **179**. Станува збор за драхма од типот Атена со шлем со три перјаници, во ¾ анфас, свртена налево на аверсот, и коњ во ôд, надесно, со монограм Ă.[92] Монетата со кат. бр. **185** е пронајдена е на локалитетот Крстот, Криви Дол – Штип, а монетата со кат. бр. **192 е** пронајдена на лок. Марков град, село Корешница, Демир Капија. Монетата со кат бр. **196** е пронајдена на локалитет Градиште Билазора, село Кнежје, Св. Николе,[93] а на лок. Марков град, с. Корешница, Демир Капија е пронајдена монетата со кат. бр. **199**.[94] На локалитетот Исар Кале, село Студеничани, Скопје е пронајдена монетата со кат. бр. **197**,[95] а на локалитетот Зајчев рид Злокуќани во Скопје е пронајдена драхмата со кат. бр. **202**.[96] Од 15 тетроболи на Авдолеонт во овој каталог, само за една монета се знае местото на пронаоѓање: тоа е монетата со кат. бр. **215**, која е пронајдена на археолошкиот локалитет Стоби, Сектор 74, F5.2.3.[97] Последните шест монети кои му припаѓаат на Авдолеонт се дел од едно депо од вкупно девет сребрени монети, односно една тетрадрахма и една драхма на Александар III (336–323 год. п.н.е.), една тетрадрахма на Лизимах (306–281 год. п.н.е.), четири тетрадрахми на Авдолеонт, со кат. бр. **218–221** во овој каталог, една дидрахма со кат. бр. **222** и една драхма, кат. бр. **223**, кои се сопственост на НБРМ.

### Монетоковање на Леонт (278/7–250 п.н.е.)

По смртта на Авдолеонт, на власт доаѓа неговиот син Аристон, кој многу кратко се задржал на престолот, а монетоковањето го продолжува помладиот син на Авдолеонт, Леонт. По Галската наезда во 280/79 година п.н.е., пајонската територија според археолошките податоци на терен е во голема мера опустошена и со намалена економска моќ. Поради овие причини Леонт, кој доаѓа на власт околу 278/7, за разлика од неговите претходници кои коваат исклучиво во сребро, кова само бронзени монети. На аверсот на неговите монети е



[88] Митревски Д., 2016, 12, бр. 5.
[89] Vučković–Todorović D., 1958, br. 163.
[90] Размовска–Бачевска Д., Охрид 2002.
[91] Митревски Д., 2016, 12, бр. 4.
[92] Благодарност на раководителот на археолошките истражувања, проф. д–р Драги Митревски.
[93] Шелдаров Н., 2003, 773.
[94] Шелдаров Н., 2003, 776.
[95] Шелдаров Н., 2003, 774.
[96] Микулчиќ И., 1982, 25, 4.
[97] Благодарност на Мишко Тутковски, вработен во НУ Стоби, за споделените информации за оваа монета.

е прикажан Дионис со бршленов венец, претстава која најверојатно е поврзана со аверсната претстава на реткиот тип на сребрени тетроболи ковани од неговиот татко Авдолеонт со ликот на Дионис. Монетоковањето на Леонт се состоело од најмалку две одделни деноминации кои имаат и соодветна иконографија – односно, кај поголемата, претставата на лав во трк на реверсот како целосна фигура, а кај помалата деноминација протом на лав и легенда ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΕΟΝΤΟΣ.[98] Во поглед на инскрипциите, забележливо е дека и Леонт, како и неговиот татко, ја поседувал титулата *басилеј*, која редовно била испишана пред неговото име на реверсот. Во каталогот се претставени 13 монети на Леонт со кат. бр. **224–236**. Монетите **230**, **231** и **233** се од лок. Марков град, с. Корешница, Демир Капија. Монетата со кат. бр. **235** е пронајдена на локалитетот Градиште Билазора кај селото Кнежје, Св. Николе,[99] а монетата со кат. бр. **236** на локалитетот Исар, село Студеничани, Скопје.[100]

### Монетоковање на Дропион (250–230 п.н.е.)



Дропион е последниот познат пајонски крал, кој на престолот доаѓа околу 250 год. п.н.е. како наследник на неговиот татко Леонт. Познат ни е според податок кај Павсанија, посветите во светилиштата во Делфи и Олимпија[101] и според монетите кои ги ковал. Дропион ковал само една деноминација со три различни иконографски претстави. Монетите на Дропион на реверсот ја имаат претставата на молња, инскрипција ΠΑΙΟΝΩΝ и монограм .[102] Типолошката разлика се јавува на аверсните претстави, а досега се познати три различни претстави. На првиот тип имаме аверсна претстава со ликот на Зевс, додека кај вториот тип е претставен коринтски шлем.

Третата претстава досега е единствена и непозната; на неа е претставен машки лик, кој најверојатно е самиот крал Дропион. За жал, оваа монета со кат. бр. **334** е многу оштетена. Монетите од типот коринтски шлем на аверсот исто така се многу ретки, и за сега се познати само три примероци. Во каталогот се претставени вкупно 113 монети со кат. бр. **237–349** на последниот пајонски владетел Дропион, со чија смрт завршува пајонското монетоковање, а Пајонија засекогаш се губи како политички и етнографски поим. Најголемиот број од монетите на Дропион се пронајдени на античкиот град Еударист, с. Дреново – Кавадарци: кат. бр. **239**, **247**, **249**, **253**, **254**, **256**, **257**, **259**, **261**, **268**, **272**, **273**, **274**, **278**, **282**, **283**, **285**, **288**, **289**, **290**, **295**, **301**, **304**, **307**, **312**, **317**, **330**, **331**.[103]

На локалитетот Градиште Деволград, с. Дреново, Кавадарци е пронајдена монетата со кат. бр. **286**, на локалитетот Кула, с. Црвулево во Штип се пронајдени монетите

---

[98] Павловска Е., 2016, 44, забелешка 159, Остава можност за трета номинала која ја кова Леонт.

[99] Митревски Д., 2016, 12, бр. 8.

[100] Лилчиќ Адамс В., 2019, стр. 151, бр. 2.

[101] Поопширно погоре во оваа книга, во текстот на С. Пановски.

[102] Петрова Е., 1999, 108–110.; Josifovski P., 2000, 15–28. Авторите се осврнуваат на проблемот на монограмот и претпоставката дека монограмот е на автономните ковови на Добер.

[103] Josifovski P., 2000, 15–28, Според процентуалната застапеност на пронајдените монети, дава можна претпоставка дека ковницата се наоѓала во античкиот град Аударист.

со кат. бр. **292**, **306**, **337**. Од Градско – кавадаречки регион е монетата со кат. бр. **324**, а на лок. Градиште, с. Дреново, Кавадарци монетата со кат. бр. **333.** Последните девет монети на Дропион, со кат. бр. **338–346,** се од депо за кое не се знае точната локација, но се од Кавадаречкиот регион. Имајќи го предвид големиот број на откриени монети во с. Дреново, можеме да претпоставиме дека и овие монети се откриени на локалитетот Градиште во с. Дреново.

## МОНЕТОКОВАЊЕ НА ДАМАСТИОН (395–330/25 п.н.е.)



Една од поголемите мистерии што се однесуваат на античкото монетоковање на Балканскиот полуостров е проблемот на Дамастион. Голема е листата публикувани материјали поврзани со проблемот на рударскиот град и ковница Дамастион и сателитските места Дапариа, Тенестини, Дарадо, Пелагија и Сарноатон. На ова место ќе се ограничиме само на позначајните научни авторитети, нумизматичари, археолози, историчари, кои се занимавале со проблемот на монетоковањето и убицирањето на Дамастион и споменатите ковници. Научниот интерес за проблемот на Дамастион и сателитските рударски ковници, започнува уште во 1874 година, со текстот на Имхоф-Блумер во *Zeitschrift fur Numismatik.*[104] Кустосот на Белградскиот Музеј, Балдуин Сариа, во 1924 година публикувал две монети на Дамастион; тие потекнувале од остава откриена кај Кутина кај Лесковац, која содржела околу 100 дамастионски монети, при што ги забележал откупувачите на неколку монети од истата остава.[105] Нешто подоцна, во 1927 година, на проблемот се осврнува Хуго Геблер, кој прв ја забележал сличноста на дамастионските монети со оние на пајонските кралеви.[106] Од истата, 1927 година датира и откривањето на оставата од околу 300 монети во Рисан, во Бока Которска, од кои 200 биле на градот Дамастион, а околу 100 биле коринтски. Главната информација во литературата ја изнел нумизматичарот Бенко Хорват, кој откупил 5 монети на Дамастион, и кој ги наведува останатите откупувачи и правци во кои оваа вредна остава се растурила. Во текстот публикува 24 дамастионски монети.[107] Во 1939 година, Џон Меј ја публикувал досега ненадминатата студија за монетоковањето на Дамастион и останатите руднички ковници Дапариа, Пелагија, Тенестини, Сарноатон, Дарадо и владетелите на локални племиња Симон и Никарх.[108] Нешто подоцна, во 1943 година, Вили Швабахер од Копенхаген публикува 17 дамастионски монети од неколку различни стилски групи што ги документирал во Кралската колекција во Копенхаген.[109] Со проблемот на Дамастион во 1979 година се занимавале и историчарите Николас Хамонд и Гај Грифит во нивната студија *A History of Ancient Macedo-*

[104] Imhoof–Blumer, Zeitschrift fur Numismatik 1, 1874, 99–114, со карта, цитирано според Mayer A., 1936, 17.
[105] Saria B., 1924–1925, 97–99.
[106] Gaebler H., 1927, 245–251.
[107] Horvat B., 1936, 29–54.
[108] May J. M. F., 1939, 1–207.
[109] Schwabacher W., 1943, 83–91.

*nia.*[110] Проблемот на Дамастион попатно го споменува и Фанула Папазоглу во 1957[111] и во 1965 година, во контекст на дарданско-пајонските односи и територии, еден историски извор (Плиниј, за рудното богатство на Дарданија) и дамастионската нумизматичка продукција во централниот балкански простор.[112] Вера Битракова Грозданова во својата дисертација од 1987 година накусо се осврнува на проблемот на Дамастион.[113] Со проблемот на Дамастион се занимавала и Елеонора Петрова во својот магистерски труд публикуван во 1991,[114] и подоцна во 1999 година.[115] Викторија Соколовска го публикувала трудот за пајонското племе Агријани и врските со Дамастион во 1990 година,[116] а потоа, во 2005 година, повторно се навратила на проблемот за убикацијата на градот Дамастион;[117] и уште еднаш во 2012 година, Соколовска се навраќа на проблемот на Дамастион, истакнувајќи го топонимот Dimosti, означен на картата *Tabula moderna Bossinae, Serviae, Greciae et Sclavoniae* на германскиот картограф Martin Waldeseemuler од 1513 година.[118] Со проблемот на Дамастион се занимавала Дубравка Ујес од Белград во 1996,[119] и потоа, во 2002 година, кога во *Revue Numismatique* во Париз ја публикува се чини најамбициозната студија од нејзините истражувања за локализацијата на Дамастион и неговите рудници.[120] И подоцна, во 2018 година, Дубравка Ујес повторно се навраќа на проблемот на Дамастион.[121] Во 2003 година, нумизматичарот Никола Шелдаров во каталогот *Колекција Шелдаров* публикува четири примероци на монети на Дамастион, откриени кај селата Теово, Црвулево, Ресава и Корешница.[122] Во 2008 година, Ефтимија Павловска изнесува сумарен осврт на монетните типови од групата Дамастион.[123] Тука би го навеле и трудот на Е. Пеган од 1962, којашто публикува информации за оставата од Јањево, откриена 1961 година.[124]

Во неговата студија *The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region*, по студиозна анализа на метричките, стилските, типолошките и иконографските детали и елементи на 111 сребрени монети од дамастионската група монети, Џон Меј ги класифицирал истите во десет групи:

– групи I-V, 395–380 година п.н.е.

– група VI, 380–365/60 година п.н.е.

– група VII, 365/60–350/45 година п.н.е.

---

[110] Hammond N. G. L. & Griffith G.T., 1979, Map 9; 70 n I, 71, 73, 74 n I, 75, 79, 91, 113, 189 f., 199, 654, 661 f., 664, 666, 668 f.

[111] Во: Папазоглу Ф., 1957, 196, коментар околу сателитскиот руднички град Сарноатон / Сарнунт.

[112] Papazoglu F., 1969, 146, 355–356, 358 f. 109.

[113] Битракова Грозданова В., 1987, 85, 157.

[114] Петрова Е., 1991, 188–192.

[115] Петрова Е., 1999, 113–118.

[116] Соколовска В., 1990, 9–34.

[117] Соколовска В., 2005, 69–81.

[118] Sokolovska V., 2012, 7–13.

[119] Ujes D. & Romic K., 1996, 77–98.

[120] Ujes D., 2002, 103–129.

[121] Ujes D. M., 2018, 5–39.

[122] Шелдаров Н., 2003, 20–21, броеви: 64–67.

[123] Види го поглавјето „Монетоковањето во пајонското соседство: Дамастиј и Пелагија", во: Павловска Е., 2008, 26–27, броеви 222–238, табли XV и XVI.

[124] Pegan E., 1962, 25 (цитирано според В. Соколовска 1990, бел. 8).

– групи VIII и IX, 350/45–330 година п.н.е.

– група X, 330–325/320 година п.н.е.[125]

Монетите на Дамастион биле ковани како тетрадрахми, драхми и тетроболи, а можеби и оболи.

Според анализите на Меј, потеклото на дамастионската група треба да се бара на полуостровот Халкидик. Тој забележува голема сличност на дамастионските монети со монетите на Халкидичкиот сојуз,[126] која ја согледува во уметничкиот стил на обликувањето на главата на Аполон. Според проучувања на Дубравка Ујес, основањето на Дамастион се датира во периодот од 431–421 година п.н.е., а овој датум се совпаѓа со првите тетрадрахми на Халкидичкиот сојуз од околу 420 година п.н.е.[127] Продлабочените истражувања на повеќе истражувачи, и конечно на Ујес, укажуваат на тоа дека бегалците од градовите Ајгина и Менде на полуостровот Халкидик навлегле длабоко на Балканскиот полуостров, каде дошле до некое рударско подрачје богато со сребрена руда и таму се стационирале и почнале да ја експлоатираат сребрената руда и да коваат монети. Меѓутоа, локалните жители во околината најверојатно не биле запознаени со паричното стопанство; поради тоа, Дамастионците тргувале со своите монети со разни инстанци, а пред сè, како што е забележано, со градот Олинт, кој со ова сребро започнал да ги кова своите прекрасни сребрени тетрадрахми со претставата на Аполон / Лира.[128]

### Врските на Дамастион со Пајонија

Пајонските кралеви прековувале дамастионски сребрени монети. Уште Бенко Хорват, цитирајќи ги претходните авторитети[129] кои го забележале ова, детално пишува за примероци на дамастионски сребрени монети прековани од страна на пајонските кралеви Ликеј и Патрај, врз основа на што изведува заклучок за добрososедски односи. Д. Ујес и К. Ромиќ ја забележале идентичната тежинска метрика на монетите на Дамастион со монетите на пајонските кралеви (драхма од 3.40 грама) и иста иконографија на аверсот; сличноста кај претставите на тетрадрахмите со оние на кралот Патрај (335–315), и прековувањето на дамастионските тетрадрахми од страна на Патрај, па врз основа на ова потсетуваат на идејата на Хуго Геблер од 1927 година – дека Дамастион најверојатно се наоѓал во соседството на Пајонија.[130]

### Хипотези за убикација

Како што е констатирано и претходно, по околу век и половина, сликата на проблемот на убикацијата на Дамастионските рудници, градот/населбата Дамастион и сателитските места Дапарија, Тенестинон, Пелагитон и Дарадо е сè уште нејасна.

[125] May J. M. F., 1939, табла со тежински соодноси.

[126] May J. M. F., 1939, 17.

[127] Соколовска В., 1990, 10, забелешка 5.

[128] Ujes D., 2018, 15.

[129] Теодор Рејнак, Своронос и Хуго Геблер, види кај: Horvat B., 1936, 30–33.

[130] Ујес Д. & Ромић К., 1996, 80, ф.н. 15.

На една страна е географот Страбон. Од времето на ковањето на Дамастион (420–320), до времето на Страбон, кој живеел од 64/3 п.н.е. до 24 год. н.е. изминале околу триста години. Поради тоа, неговиот опис е прилично неодреден. Според податоците на Страбон, можат да се извлечат неколку основни податоци:

1. Сребрените рудници на Дамастион се наоѓале близу просторот каде живееле племињата Билиони, Тауланти, Партини и Бриги.

2. Сребрените рудници на Дамастион биле во посед на Диестите и Енхелеите (Сесаретите/Дасарети).

3. Близу (Билионите, Партините и Бригите) Диестите и Енхелеите (Сесаретите / Дасарети) се наоѓале и Линкестите, Девриоп, Пелагонија, Еордите, Елимеја и Ератира.

4. Дамастион во Илирија, кај рудниците на сребро, го основале бегалците (Ајгинци) заедно со Мендејците.

Насоките на Страбон се мошне скромни, неодредени, но упатуваат на подрачјето западно, северозападно и северно од Охридското езеро, каде што минувала прастарата патна траса позната како Кандависки или Егнатиски пат.

Во текстот на Страбон јасно се разграничуваат сребрените рудници од самиот (град) Дамастион. Околноста дека Дамастион го основале бегалците од Ајгина и Менде по случувањето на Мирот на Никија во 421 година п.н.е.,[131] упатуваат на оформување на силно утврден град со ѕидини во опус изодомум / псеудоизодомум. Такво утврдување во посочениот простор, а во нашата држава, би можел да биде локалитетот Градиште Вајтос кај селото Октиси, општина Струга.[132] Следен кандидат би можело да биде Коџаџичко Кале, село Коџаџик, во општината Центар Жупа.[133]

Можеби најзначајниот патоказ во потрагата по Дамастион би бил лоцирањето на сребрените рудници на Дамастион. На просторот на југозападна Македонија не се откриени значителни сребрени рудни наслаги.

Интересно е прашањето зошто Енхелеите (Сесарети/Дасарети) – кои, судејќи по богатите требенишки и охридски наоди биле организирани најмалку во кнежевство, а можеби и кралство, а според Страбон биле и сопственици на сребрените рудници на Дамастион – не исковале свои сребрени монети, како на пример пајонските кралеви, кои најверојатно воспоставиле блиски односи со Дамастион. Во потрагата по локацијата на Дамастион, некои од истражувачите се држат до позначајните лежишта на сребрена руда, а некои по етимолошката сличност во имињата на местата. Хамонд, Соколовска и Павловска сметаат дека гратчето Пелагита / Пелагитон, поради сличноста на името на местото со геолошкиот басен Полог во северозападна Македонија, се наоѓало во околината на градот Тетово – најверојатно привлечени и од атрактивноста на т.н. тетовска Менада и остатоците на гробницата од доцниот архајски период, откриена во Тетово.[134] Во случајов, Дамастион кај Тетово би можело да биде гратчето на локалитетот Исар Бањиче, село Шипковица, на околу два километри северозападно од Те-

[131] Ujes D., 2018., 11.

[132] Благодарност до проф. д-р В. Лилчиќ Адамс за отстапувањето непубликувани материјали.

[133] Според В. Лилчиќ Адамс, непубликувани материјали.

[134] Радојчић С., 1933, 243–252.

тово, во долината на реката Пена. Меѓутоа поради фактот што во целиот Полог не е регистрирана сребрена руда, оваа хипотеза треба да се прифати со голема доза на скептичност. Хипотезата за убикација на Дамастион на територијата на скопскиот басен е исто така привлечна. Дамастион во овој случај би можеле да бидат древните градови на локалитетите кај селата Студеничани, Бразда или Долно Нерези. Меѓутоа, и за оваа хипотеза недостасува факторот на сребрени рудни лежишта.

Водејќи се според рудните богатства на среброто, одредени истражувачи го лоцираат Дамастион многу подалеку на север одошто тоа е наведено кај Страбон. В. Соколовска посочи кон северниот агол на Косово, конкретно на „муниципиум ДД“ кај Сочаница на реката Ибар, каде постојат богати рудоносни сребрени резерви.[135] Според неа, името на оваа населба од римско време, на рамен простор, на брегот на реката Ибар, треба да се толкува како „Муниципиум Дамастион Дардански“. Притоа, треба да се смета, односно да се земе предвид начинот на кратење на зборовите на латинското писмо на камените споменици, кое што во случајов, како што смета А. Мочи, е кратенка од самото име „Муниципиум Дардански“ (*municipium D*(*ar*)*d*(*anicum*)), а не „Муниципиум Дамастион Дардански“.[136]

Освен тоа, во постоечката стручна литература, во случајот на локалитет кај Сочаница покрај Ибар, преку истражувачките резултати на Емил Чершков може да се забележи дека не само што во овој регион не е регистрирана ниту рударска дејност постара од I-II век н.е., туку на оваа локација не постои ниту каква било постара населба.[137] Чершков истакнува неколку податоци како потврда, датирајќи го активирањето на локалното рударство во времето на римскиот император Хадријан, кој ковал бронзени квадранси со натписот METALLI DARDANICI или само DARDANICI.[138] Овие податоци, како и фактот дека се работи за населба од римско време, при што не е регистирано постаро утврдување, односно фортификација од раната антика[139] – каква што би требало да се очекува да оформат бегалци од Ајгина и Менде во средиштето на променливиот балкански простор во V и IV век п.н.е., а во соседство на матичната територија на Дарданците – засега зборуваат против хипотезата на В. Соколовска.

Уште една претпоставка за убикација на Дамастион е кастелот Артана кај Ново Брдо во југоисточно Косово. Според еден податок, составот на среброто од рудниците Трепча, Јањево има од 3 до 5% сребро, додека од рудникот кај Ново Брдо има 25%. На локалитетот Златно Гумно кај Ново Брдо, Емил Чершков забележал археолошки наоди од раната антика. Имено, при изградбата на рудникот Ново Брдо (1947–1949) биле откриени бројни гробови со прилози, метални садови и теракоти, кои за жал исчезнале. Чершков имал можност да види на фотографии теракота на божицата Кибела и еден скифос. Тој наведува и дека од овој материјал во музејот на Косово биле донесени фрагменти од еден метален сад со апликација во форма на главата на Горгона.[140] Меѓутоа, самата тврдина на доминантниот рид Ново Брдо, според долгогодишните истра-

[135] Соколовска В., 1990, 22–24.
[136] Цитирано според: Ujes Morgan D., 2011, 490, ф.н. 8.
[137] Čerškov E., 1970, 1–89, T. I–XXI, prilozi I–IV.
[138] Čerškov E., 1970, 71, ф.н. 121.
[139] Од средновековната тврдина Галич кај Сочаница потекнува една тетрадрахма на Дамастион, што сепак дава извесна надеж за можна убикација. Види: Popović, P., 2007, 416, fig 6. 2.
[140] Čerškov E., 1970,18, забелешка 28.

жувања и откриените културни хоризонти и објекти, од почетоците на нејзиното документирање[141] па до поново време, датира исклучиво од средниот век. Во овие околности, интересно е да се забележи дека остатоците на утврдениот град на Кале, село Кршевица кај Врање се оддалечени точно 40 километри источно / југоисточно по воздушна линија од Ново Брдо.

Наредниот кандидат за убикација на градот Дамастион е Кале кај село Кршевица, кај Врање, во долината на реката Морава.[142] Првите археолошки сондирања со заштитен карактер, како и премер и исцртување на планот на Кале кај селото Кршевица, ги реализирале И. Микулчиќ и М. Јовановиќ во 1966 година. Во 2002 година започнале систематски истражувања и конзервација на објектите. Акрополата на градтето има приближно издолжена елипсоидна форма со димензии 130х60 метри. Уште И. Микулчиќ и М. Јовановиќ го забележале квалитетниот фортификациски периметар од паралелопипедни камени блокови од локален песочник. Одбранбениот ѕид бил широк 2.85 м.[143] На вака утврдената акропола, на североисточната страна директно се потпирало помало утврдено подградие. На понискиот терен северозападно и југоисточно од акрополата се наоѓаат две помали подградија. И покрај тоа што цитираните истражувачи го именуваат својот текст „хеленистички опидум", откриените археолошки наоди, на пример монетите на македонските кралеви Филип II Александар III, Касандар, монетите на Дамастион и Пелагија, садовата керамика и множество други археолошки наоди недвосмислено укажуваат на интензивна егзистенција од крајот на V век до првите децении од III век п.н.е.[144]

Би требало да одбележиме дека гратчето на локалитетот Кале, Кршевица во споменатата временска рамка се наоѓало на територијата на Агријаните,[145] а во близина на сребрените рудници на Ново Брдо.

Една од поновите хипотези за убикација на Дамастион, според долгогодишните истражувања на Виктор Лилчиќ Адамс, одат во насока на локацијата каде се вадела сребрена руда на пајонска територија – и тоа во долината на реката Злетовица, поконкретно кај селото Добрево во Пробиштип.[146] Таму во рудникот Пешула, Добрево и денес активно се експлоатира среброто во галерии во длабочина до околу 200-300 метри. Во овој регион, кој се наоѓа во рамките на кралството Пајонија, В. Лилчиќ Адамс открил културни хоризонти од раната антика на утврдувањата: Градиште, Добрево, Градиште Пешула Добрево, Градиште село Емирица; освен тоа, ги истражувал и документирал и утврдувањата Драчко Градиште – село Ратавица, Стари Град – село Шталковица, Самарска Чука – село Зелени Град, Рудовски Чукар – село Јамиште и Куково Градиште – село Кнежево, што датираат од доцната антика, но можеби имаат и постари културни хоризонти.[147]

---

[141] Бошковић Ђ., 1939., 1–10.

[142] Стручната литература (со поедини референци во пдф формат) може да се види на сајтот: http://www.kale–krsevica.com/arheoloski_lokalitet.html.

[143] Микулчић И. & Јовановић М., 1968, 355–375.

[144] Popović P., 2012., 11–51, види во: *Central Balkans between the Greek and the Celtic world*, Kale–Krsevica 2001–2011, National museum, Belgrade 2012.

[145] Соколовска В., 9–34, 1990, Карта 2.

[146] Користени теренски непубликувани материјали од истражувањата на В. Лилчиќ Адамс.

[147] За податоците, благодарност на проф. д–р В. Лилчиќ Адамс.

Сѐ повеќе се назира сликата на пајонските рудници за сребро во западните ревири на Осоговските планини, во регионите на Кратово и Злетово. Во тој контекст и околноста на евидентните врски помеѓу дамастионските и пајонските монети, може да се постави прашањето дали можеби станува збор за дамастионските рудници, или можеби само некој од нив. Како пример може да се посочи сличноста во етимологијата на имињата Дапарија и Запара.

Во овој труд имаме претставени 18 монети на Дамастион со кат. бр. **350–367**, 3 од нив се тетрадрахми, 6 се драхми и 9 се тетроболи. Монетата со кат. бр. **351** е пронајдена на локалитетот Старо Бонче, село Бонче, Прилеп.[148] Монетата со кат. бр. **354** е пронајдена во Горна Курија, с. Теово, Велес, а монетата со кат бр. **357** потекнува од село Четирце, Куманово. Во текот на истражувањата на проектот *Археолошки катастар на Р. Македонија* кој се изведуваше во 2016 година ја откривме монетата со кат бр. **358**; оваа монета е оштетена и најверојатно страдала во пожар, но сепак може да се идентификуваат контурите на женска глава свртена надесно на аверсот и ингот на реверсот.[149] Монетата со кат. бр. **361** е пронајдена на локалитетот Кула – с. Црвулево, Штип, монетата со кат. бр. **362** од локалитетот Марков град, с. Корешница, Демир Капија, а монетата со кат. бр. **364** на локалитетот Градот Тиквеш, с. Ресава, Кавадарци. Останатите монети се без податоци за местото на пронаоѓање.

## МОНЕТОКОВАЊЕ НА ПЕЛАГИЈА (325/320–310 п.н.е.)



За Пелагија не постојат пишани извори и позната ни е единствено преку монетите. Постојат повеќе претпоставки за тоа што претставувала Пелагија, од тоа дека била посебен град, гратче, или само рудник од каде била транспортирана сребрената руда до Дамастион. каде биле ковани монетите, на сѐ уште непозната локација. Друга претпоставка е дека кога Дамастион завршува со ковање, продолжува Пелагија, како и можноста Пелагија да е соседно племе, кое кова монети за свои потреби. Според стилските и иконографските претстави на тетрадрахмите, драхмите и тетроболите на Пелагија, јасно видлива е поврзаноста со Дамастион.[150] На најраните тетрадрахми на аверсот е претставен Аполон, а на реверсот македонски штит околу кој е натписот ΠΕΛΑΓΙΩΝ.[151] На помалите вредности на аверсот имаме и претстава на глава на Аполон или женски лик, најверојатно нимфа, а на реверсот метална плоча со ремен – преносен ингот. По гаснењето на ковницата Дамастион 325–320 п.н.е.,

[148] За отстапувањето на оваа монета, голема благодарност до колегите од Музеј и Завод Прилеп.

[149] За отстапувањето на оваа монета, голема благодарност до проф. д–р Виктор Лилчиќ Адамс.

[150] Kovač D., 2012,12–13; На база на извршената анализа на металот на две иконографски слични тетрадрахми од Пелагија и Дамастион донесува заклучок дека металот од кој се исковани потекнува од исто поднебје.

[151] Kovač D., 2012, 8; Датацијата на оваа монета е околу 360 год. п.н.е., и ова претставува прва појава на приказ на македонски штит на монети.

на монетите на Пелагија се појавува истиот иконографски приказ на монетите Аполон / триножник, за набргу потоа монетите да добијат барбаризиран стил и нејасни текстови. Исто така, се јавуваат и монети што ја преземаат иконографијата од македонските монети, со приказ на глава на Херакле со Амонови рогови – преземен од монетите на Лизимах (323–281 год. п.н.е.). Крајот на ковање на Пелагија се става во 280 година, што според Меј е поврзано со Келтската инвазија.

Во неговата опсежна студија, во која публикува 31 примерок од монетите на Пелагија, меѓу кои и една сребрена тетрадрахма,[152] Меј ја поврзува ковницата со нејасно утврдена локација некаде околу Охридското Езеро. Е. Павловска публикува три примероци на сребрени тетрадрахми на Пелагија од збирката на Народна Банка на Р. Македонија, а тоа се последните три монети во овој труд, со кат. бр. **368–370**, за кои нема точно место на пронаоѓање, но можеби се од околината на Куманово,[153] на територијата на Агријаните, како и еден примерок откупен во Скопје, што се чува во Археолошкиот музеј во Загреб.[154]




Карта III. Монети на Дамастион и Пелагија

[152] Според Соколовска В., 1990, 24, забелешка 81.

[153] Павловска Е., 2008, 27, Т. XVI: 236–238.

[154] Павловска Е., 2016, 98.

# БИБЛИОГРАФИЈА:

## КРАТЕНКИ:

ГМ-КДМ: Гласник на музејско – конзерваторското друштво на Македонија, Скопје, 1958.
FAB I: Folia Archaeologica Balkanica I, 2006 Skopje.
ЗАМ: Зборник на Археолошкиот музеј, Скопје.
MAA: Macedoniae acta archaeologica
МНГ: Македонски нумизматички гласник, Музеј на Македонија, Скопје.
MNJ: Macedonian Numismatic Journal, Museum of Macedonia, Skopje.
НРБМ: Народна банка на Република Македонија.
НБРМ, 2012: *Парите и паричните системи во Македонија*, Народна банка на Република Македонија, Скопје 2012.
SNG, 1981: Sylloge Nummorum Graecorum vol. V, part IV, *Paeonia – Thessaly*, London 1981.
SNG, 1982: Sylloge Nummorum Graecorum, *Macedonia*, New York 1982..

## ИСТОРИСКИ ИЗВОРИ:

Diodori Bibliotheca historica ed. Th. Vogel, vol. II, Leipzik 1896.
Livy, The History of Rome, Vol. 1- 6, translated by Rev. Canon Roberts, London 1905.
Polybii Historiae, XVIII, ed. Th. Büttler – Wobst, Lipsiae, 1882 – 1904, vol. I – IV.
Ptolemaei Claudii *Geographia* 1949.
Strabonis *Geographica*, ed. *A. Meineke,* Lipsiae 1895 – 1913.
Thucydidis *Historiae*, ed. H. J. S. Jones – J. E. Powel, Oxonii.
Herodoti *Historiarum Libri IX*, ed. H. R. Dietsch – H. Kellenberg vol. I – II, Lipsiae 1925.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

Битракова-Грозданова В., 1982: *Монетите од античкиот период во збирката на Народниот музеј – Охрид,* Лихнид 5, Охрид 1982, 71-76.
Битракова-Грозданова В., 1987: *Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија*, Скопје 1987.
Bloesch H., 1987: *Griechische Münzen in Winterthur*, Band I-II. Winterthur 1987.
Бошковић Ђ., 1939: *Ново Брдо*, Годишњак Музеја Јужне Србије, књ. 1, Скопље 1939, 1-10.
Васић М. Р., 1970: *Збирка грчког новца музеја примењене уметности*, Музеј примењене уметности – Зборник бр. 14, Београд 1970.
Вучковић–Тодоровић Д., 1958: *Остава грчког новца из с. Прилепец код Прилепа,* ГМ-КДМ, Скопје, 1958, 213-255.
Вучковић-Тодоровић Д., 1975: *Прилог познавању новаца пеонских владара*, Старинар XXIV – XXV, Beograd 1975, 85-88.
Gaebler H., 1927: *Münzkunde Makedoniens, IX; Prägung der paionischen Könige, Die Lage Damastions und Pelagia*, Zeitschrift fur Numismatik No. XXXVII, Berlin 1927, тука цитирано според: Horvat B., 1936, 26.
Gaebler H., 1935: *Die Antiken Munzen Nord-Griechenlands, Band III: Makedonia und Paionia,* Berlin 1935.
Герасимов Т., 1963*: Подражания на тетрадрахмите на пеонския цар Патрай (335-315*), ИАИ XXVI, София 1963, 270-272.
Драганов Д., 2000: *Монетите на Мацединските Царе I*, Яамбол 2000.
Josifovski P., 2000: *Coins with PAIONΩN inscription from the collection of the Republic of Macedonia*, MNJ, no 4, Skopje 2000, 15-28.
Josifovski P., 2006: *The Beginnings of Minting Among the Paeonians* (*Derrones*)*,* FAB I, Skopje 2006, 251-262.

Јосифовски П., и др, 2006: *Монети од колекцијата на Охридска Банка*, Скопје 2006.

Јурукова Ј., 1989: *Тракијско племенно монетосечене и големија трговски трафик през првата половина на V век п.н.е.*., Нумизматика 3, Софија 1989, 3-13.

Кацаров Г., 1921: *Пеония,* София 1921.

Kovač D., 2012: *Novci Pelagije*, Numizmatičke vijesti, br. 65, Zagreb 2012, 5-13.

Larson J., 2001: *Greek Nymphs Myth, Cult*, Lore 2001.

Лилчиќ В., Јосифовски П., 1994: *Сребрен диобол на пајонскиот владетел ΤΕΥΤΑΟ(Σ)*, Македонски нумизматички гласник бр. 1, Скопје 1994, 27-37.

Лилчиќ В., 2019: *Скупи и античката цивилизација на скопско*, Скопје осум милениуми живот, култура, творештво, Скопје 2019, 117-324.

Lilčić Adams V. & Lilčić S., 2017: *An Agrianian-Paeonian city near Pčinja, Kumanovo region,* Živa Antika, Skopje 2017, 49-60.

May J. M. F., 1939: *The Coinage of Damastion and the Lesser Coinages of the Illyro-Paeonian Region*, Oxford University Press, London 1939, 1-207.

Mayer A., 1936: *Položaj Damastiona, Numizmatika vjesnik numizmatičkog društva u Zagrebu*, Godina 1934-1936, No. II-IV, Zagreb 1936, 17-25.

Merker I., 1965: *The Ancient Kingdom of Paionia*, Balkan Studies 1965.

Mikulčić I., 1966: *Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza,* Beograd – Skopje, 1966.

Микулчиќ И., 1973: *Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од V до II век п.н.е. во Македонија,* Годишен зборник на Филозофски Факултет, кн. 24-25, Скопје 1973, 157-173.

Микулчић И. & Јовановић М., 1968, Хеленистички oppidum из Кршевице код Врања, Врањски Гласник књ. IV, Врање 1968, 355-375.

Микулчиќ И., 1999: *Антички градови во Македонија*, Макропроект „Историја на културата на Македонија", книга 8, МАНУ, Скопје 1999.

Микулчиќ И., 1982: *Старо Скопје со околните тврдини*, Скопје 1982.

Микулчиќ И., 1976: *Убикација на Билазора,* Годишен Зборник на Филозофски Факултет 28, Скопје 1976, 149–166.

Милошевски В., 2005: *Монета на Антигон Гонат прекована од кралот Дропион*, Македонско Наследство бр. 26, Скопје 2005, 75-80.

Митревски Д., 2005: *Вардарски Рид*, Том I, Скопје 2005, 15-90.

Митревски Д., 2016: *Античка Билазора престолнина на независните Пајонци*, Свети Николе 2016.

Мушмовъ Н., 2012: *Античнитѣ монети на Балканския полуостровъ и монетитѣ на Бъгарскитѣ царе*, София 1912.

Папазоглу Ф. 1957: *Македонски градови у римско доба*, Жива Антика посебна издања, књ. 1, Скопје 1957, 1-379.

Papazoglu F., 1969: *Srednjebalkanska plemena u predrimsko doba*, Akademija nauka i umjetnosti Bosne i Hercegovine, DJELA kn. XXX, Centar za Balkanološka ispitivanja Knj. 1, Sarajevo 1969, 146, 355-356, 358 f. 109.

Papazoglu F., 2007: *O Peoncima u rimsko doba*, Iz istorije antičkog Balkana, Beograd 2007, 149-153.

Павловска Е., 2008: *Монетите на Пајонија од нумизматичката збирка на НРБМ*, Народна банка на Република Македонија, Скопје 2008, 1-104.

Павловска Е., 2010: *Тетрадрахма на Тевтамад – непознат пајонски (?) владетел,* МАА 19, Скопје 2010, 185-191.

Pavlovska E., 2011: *The Coinage of the Paeonian Kings Leon and Dropion*, N. Holmes (ed.), Proceedings of the XIVth International Numismatic Congress, Glasgow 2009, 319-329.

Pavlovska E., 2013: *Монетите на старомакедонските и пајонски кралеви*, Македонија културно – историски факти, во П. Кузман (уредник), Скопје 2013, 731-788.

Pavlovska E., 2013A: *A Coin Hoard of the Paeonian King Lycceius*, во E. Paunov and S. Filipova (eds.), ΗΡΑΚΛΕΟΥΣ ΣΩΤΗΡΟΣ ΘΑΣΙΩΝ. Studia in honorem Iliae Prokopov sexagenario ab amicis et discipulis dedicat (Collection of Essays in Honour of Ilya Prokopov). Veliko Turnovo 2012, 107-120.

Pavlovska E., 2015: *A Part of a Rare Paeonian Hoard from Macedonia*, Proceedings XV, International Numismatics Congress Taormina 2015, Roma – Messina 2017, 516-520.

Павловска Е., 2016: *Монетите и нивната употреба во горна Македонија од 6 до 3 век пред Христа*, Докторски труд одбранет на Филозофскиот факултет во Скопје во 2016 година.

Pegan E., 1967: *Najdba Damastionskih staterjev*, Argo I, Ljubljana 1962, 25.

Popović, P., 2007: *Numismatic Finds from Kale in Krševica (Southeast Serbia)*, Arheološki vestnik 58, Ljubljana, 411-417.

Popović P., 2012: *Central Balkans between greek and celtic world*, Central Balkans between the Greek and the Celtic world, Kale – Krsevica 2001-2011, Belgrade 2012, 11-51.

Price M., 1985: *The coinage od Northern Aegen, Coinage and administration in the Athenian and Percian Empires*, Oxford 1985.

Price M. J., Waggoner M., 1975;, *Arhaic Greek silver coinage: the "Asyut" hoard*, London, 1975.

Петачки Ѓ., 1994: *Хеленистички колективен наод со тетрадрахми од село Фурка - Гевгелија*, Македонски нумизматички гласник 1, Скопје 1994, 39-48.

Петрова Е., 1991: *Пајонските племиња и пајонското кралство во II и I милениум пред н.е.*, МАА, бр. 12, Скопје 1991, 9-130.

Петрова Е., 1994а: *Октодрахма на пајонското племе Дерони*, МНГ 1, Скопје 1994, 9-20.

Петрова Е., 1994б: *Два претпоставени примероци на кралот Дропион*, МНГ 1, Скопје 1994, 49-56.

Петрова Е., 1999: *Пајонија во II и I милениум пред н.е.*, Македонска Цивилизација и Музеј на Македонија, Скопје 1999.

Петрова Е., 2001: *Ковањето пари на пајонските племенски организации и пајонските кралеви (6-3 век п.н.е.)*, Монетите и монетоковниците во Македонија, Скопје 2001, 13-29.

Петрова Е., Лилчиќ В., 1997: *Непознат сребрен тетробол на пајонскиот крал Ликеј*, Македонско Наследство бр. 5, Скопје 1997, 4-9.

Радојчић С., 1933.: *Извештаји о проучавању јужне Србије на терену, Менада из Тетова*, Гласник скопског научног друштва књ. XII, Оделење друштвених наука књ 6, Скопље 1933, 243-252.

Размовска–Бачевска Д., 2002: *Нумизматичките наоди од југозападниот дел на Република Македонија од V век п.н.е. до XIV век*, Охрид 2002.

